РЕПУБЛИКА ... МАКЕДОНИЈА
ОПШТ...
Бр. 08-1113/13
13.12 20 23 год
КРИВОГАШТАНИ

# ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ

## Годишна Програма за култура во Општина Кривогаштани за 2024 година

Кривогаштани Декември 2023

Врз основа на член 7 од Законот за култура ("Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98; 49/03; 82/05; 24/07; 116/10; 47/11; 51/11; 136/12; 23/13; 187/13; 44/14; 61/15; 154/15; 39/16 и 11/18), член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 05/02) и член 17 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр. 3/11; 17/14; 10/16; 14/16, 6/19 и 9/23), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 13.12.2023 година донесе:

# Годишна Програма за култура во Општина Кривогаштани за 2024 година

## 1. Вовед

Со оваа програма за култура, Општина Кривогаштани како локална самоуправа го остварува своето право и надлежност дадени со Законот за култура и за поддршка, организирање и реализација на содржини и манифестации од културата кои се од интерес на локалната заедница. Програмата е во функција на подобро планирање и остварување на локалниот интерес во културата за 2024 година во смисла на институционална и финансиска поддршка на културни проекти, негување на фолклорот и обичаите, организирање на културни манифестации и поттикнување на разновидни форми на творештво.

Програмата ги определува стратешките приоритети на Локалната самоуправа преку поддршка во сите облици на остварувањето на културата на локално ниво.

Со цел програмата да опфати квалитетни, оригинални и разновидни културни содржини кои ќе ги одразат јавните потреби на општината во областа на културата, се утврдуваат активностите кои ќе бидат финансирани со програмата и висината на средствата за нивна реализација.

Организацијата и реализацијата на културните настани и сите активности во програмата ќе придонесат во изградбата на моделот на културно живеење, планирањето на развојот во културните области, подобро остварување на културното создавање и дистрибуција на културните вредности и културната соработка, како неопходност во афирмацијата на културните вредности од општината во другите средини и обратно.

## 2.Визија на Годишната програма за култура за 2024 година

Основна цел на Програмата е да се поттикнат и поддржат и други активности за негување на фолклорот, обичаите, вредностите својствени за традицијата на нашето поднебје, организирањето на културните манифестации и разновидни специфични творби на творештво преку:

-квалитетен културен живот на ниво на општината со обезбедување на богата, разновидна програма за сите возрасти;

- афирмација на материјалното, духовното и културното наследство;

- достапност на културните добра и вредности до граѓаните;

-континуитет на традиционалните културно-уметнички манифестации што се од интерес за општината;

-презентирање и афирмирање на современото творештво, урбаната култура и јавната уметност;

-развивање на аматерската култура во чии рамки ќе се поддржуваат креативни и едукативни изведби;

- поддршка и развивање на традиционалните културни вредности;

- одбележување јубилејни настани и значајни датуми;

- стимулирање и поддршка на разни партнерски меѓународни проекти;

- вклученост на повеќе субјекти и финансирање од повеќе извори;

## 3. Конкретни цели и активности

Активност 1: Организирање на традиционален маскенбал по повод верскиот празник Прочка под наслов "Прочкарка смеа за секого"

Носители: Општина Кривогаштани, ООУ "Манчу Матак" и ООУ "Јонче Смугрески"

Рокови: Март 2024 година

Финансирање: Општина Кривогаштани 60 000,00 денари

Индикатори: Општина Кривогаштани

Активност 2: Организирање традиционална манифестација под наслов "Македонска народна песна-пејачи аматери"

Носители: Општина Кривогаштани, Граѓански организации

Рокови: Јули 2024 година

Финасирање: Општина Кривогаштани 60 000,00 денари

Индикатори: Општина Кривогаштани

Активност 3: Одбележување на празникот "Илинден 2-ри Август"

Носители: Општина Кривогаштани

Рокови: Август 2024 година

Финансирање: Општина Кривогаштани 10 000,00 денари

Индикатори: Општина Кривогаштани

Активност 4: Организирање настан "Фестивал на пиперката"-промовирање на земјоделски производи

Носители: Општина Кривогаштани, граѓански организации, локални фирми

Рокови: Август-Октомври 2024 година

Финасирање: Општина Кривогаштани 200 000,00

Индикатори: Општина Кривогаштани

Активност 6: Одбележување на празникот "11 Октомври"

Носители: Општина Кривогаштани

Рокови: Октомври 2024 година

Финансирање: Општина Кривогаштани 10 000,00 денари

Индикатори:Општина Кривогаштани

Активност 7: Организирање на театарска престава за деца

Носители: Општина Кривогаштани, "ООУ Јонче Смугрески" и "ООУ Манчу Матак"

Рокови: Ноември 2024 година

Финансирање: Општина Кривогаштани 20 000,00 денари

Индикатори: Општина Кривогаштани

Активност 8: Промовирање на археолошко наоѓалиште "Врбјанска чука"

Носители: Општина Кривогаштани, Граѓански организации и Завод за заштита на спомениците од културата-Прилеп

Рокови: Август 2024 година

Финасирање: Општина Кривогаштани 10 000,00 денари

Индикатори: општина Кривогаштани

## 4. Буџет:

| | |
|---|---|
| Активност 1 | 60.000,00 |
| Активност 2 | 60.000,00 |
| Активност 3 | 10.000,00 |
| Активност 4 | 200.000,00 |
| Активност 5 | 10.000,00 |
| Активност 6 | 20.000,00 |
| Активност 7 | 10.000,00 |
| Вкупно буџет | 370.000,00 денари |

## 5. Мониторинг и евалуација

За успешна имплементација на Годишната програма за култура во Општина Кривогаштани за 2024 година, потребно е да се спроведе мониторинг во периодот кој го покрива овој документ, како и евалуација за проценка на успешноста на реализацијата на Годишната програма и нејзино влијание на граѓаните во Општина Кривогаштани. Основните методи и субјекти кои ќе вршат и ќе бидат искористени во мониторингот и евалуацијата се: Комисијата за општествени дејности во Советот на Општина Кривогаштани и Градоначалникот на општина Кривогаштани кои ќе го следат текот и динамиката на спроведувањето на Годишната програма за култура за 2024 година и ќе даваат свои оцени како и предлози за неопходни промени се со цел постигнување на утврдените цели.

Претседател на Совет на
Општина Кривогаштани
Горан Новакоски